Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-4001/10
25.10.2019
Скопје/Shkup

*Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе*

***О Д Л У К А***
***за избор на најповолен понудувач***

*1. За најповолен понудувач, за набавка на услуга – Набавка на услуга за редовно превентивно одржување на веќе постоечкиот апликативен софтвер за трезорско работење, софтвер за евиденција и пратење на буџет, софтвер за благајничко работење; софтвер за трезорско работење во делот за О1 образец и апликативен софтверски модул кој врши евиденција и следење на договорите за јавните набавки, за потребите на Министерство за правда, се избра*

*„ ИНФО СОФТ ИНГ ДОО увоз – извоз Скопје"*

*2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.*

*3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.*

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Министерството за правда врз основа на спроведената постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуга член 55, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), по разгледување на доставената понуда од страна на еден економски оператор преку ЕСЈН, согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.*

Одлучено во Министерството за правда за постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуга на ден 25.10.2019 година заведена под број 05-4001/10.

*Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија*

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*